МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014 ГОДИНА

МРЕЖА ЗА
ЗАШТИТА ОД
ДИСКРИМИНАЦИЈА

**СОДРЖИНА:**


1. **ШТО ПРЕТСТАВУВА МРЕЖАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА (МЗД)?**
2. **ВОВЕД**
3. **РЕЗИМЕ**
4. **ЗАСТАПЕНОСТ НА ДИСКРИМИНАТОРСКИТЕ ОСНОВИ, ОБЛАСТИ И ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ПРЕТСТАВКИТЕ УПАТЕНИ ОД СТРАНА НА МЗД ДО ИНСТИТУЦИИТЕ**
5. **КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**5.1. ПРЕДМЕТИ ВО КОИ Е УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**5.2. ПРЕДМЕТИ ВО КОИ НЕ Е УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**5.3. ЗАПИРАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА**

**5.4. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ**

**5.5. ПОСТОИ ЛИ НЕЗАВИСНОСТ ВО (НЕ)ПОСТАПУВАЊЕТО НА КЗД?**

**5.6. ВОДЕЊЕ ПОСТАПКА ПРЕД КЗД**

6. **НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
7. **ТОВАР НА ДОКАЖУВАЊЕ**
8. **ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
9. **СУДСКИ ПОСТАПКИ**
10. **ПРЕПОРАКИ**

КРАТЕНКИ СОДРЖАНИ ВО ИЗВЕШТАЈОТ

ЕСЕ – Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија

ЗСЗД – Закон за спречување и заштита од дискриминација

КЗД– Комисија за заштита од дискриминација

КСЗПМЗ – Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници

МЗД – Мрежа за заштита од дискриминација

МХК – Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија

РОМА СОС –Здружение Ромска Организација за Мултикултурна Афирмација РОМА С.О.С.

ФООМ - Фондација отворено општество – Македонија

Х.Е.Р.А. – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

ХОПС - Здружение ХОПС- Опции за здрав живот- Скопје

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА МРЕЖАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА?

МЗД беше воспоставена во декември 2010 и е сочинета од следните организации: Фондација отворено општество – Македонија; Асоцијација за здравствена едукација и истражување (ХЕРА); ХОПС - Опции за здрав живот; Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија (ЕСЕ); Рома СОС и Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“. МЗД има неформален карактер и е насочена кон развивање на стратешко застапување во случаи на дискриминација преку поднесување предмети пред КЗД, јавното обвинителство и пред домашните и меѓународните судови. Развојот на домашната практика е поттикната преку обезбедување бесплатна правна помош во стратегиски случаи на дискриминација. Дополнително, размената на информации помеѓу организациите членки е една од значајните аспекти на вмрежувањето, кое понатаму влијае и на збогатување на знаењето на членките и унапредување на правната пракса во случаи на дискримнација.

МЗД ги гради своите стратешки постапки преку месечни координативни средби, кои до 2013 беа водени од страна на ФООМ, а од 2014 нивната координација ја презеде МХК.

Покрај градењето на домашната пракса за заштита од дискриминација, МЗД е насочена и кон континуирано информирање на јавноста за состојбите со дискриминаторските практики. Оваа активност МЗД ја остварува преку објавување месечни соопштенија кои се доставуваат до медиумите, соработниците и донаторите на членките на МЗД и се објавуваат на веб страниците на членките на МЗД.

Покрај останатите активности, МЗД објавува и годишни извештаи преку кои известува за состојбата со заштитата од дискриминација, работата на институциите надлежни за заштита од дискриминација до кои МЗД поднела одредени барања за постапување, а особено работата на КЗД и Народниот правобранител.

## 2. ВОВЕД

Овој извештај има за цел да даде информација за остварувањето на заштитната функција на институциите надлежни за заштита од дискриминација, особено КЗД и Народниот правобранител, преку презентација на начинот на кој е постапувано во однос на претставките што членките на МЗД ги доставија до овие институции во изминатата година, но и во претходните три години. Извештајот особено се фокусира на работењето на КЗД, поради тоа што најголемиот број на претставки МЗД ги има поднесено токму до оваа институција. И покрај краткиот период во кои функционира КЗД веќе постојат голем број извештаи[1] што се занимаваат со прашањето на ефикасното работење на Комисијата.

Овој извештај, при тоа, нема за цел да претставува некаков репрезентативен резултат или севкупна квалитативна оценка за работењето на КЗД или другите институции за заштита од дискримианција.  Извештајот се фокусира исклучиво на искуството на МЗД, остварено преку барањата за постапување доставени до надлежните институции.

Во извештајот ќе бидат презентирани главните тенденции кои 7 - те членки на МЗД ги воочија преку својата заложба да ги заштитат правата на заедниците и поединците со кои тие работат. Имајќи ја предвид структурата на членките на МЗД, неизбежно е најголем дел од претставките да се однесуваат на маргинализираните заедници и на барања за заштита од дискриминација токму на овие заедници. Во овој извештај ќе доминираат искуствата добиени преку обиди да се заштитат правата на Ромите, ЛГБТИ лицата, жените, зависниците од опијати, ХИВ позитивни лица и други. Но, извештајот сепак опфаќа неколку предмети или искуства кои не се однесуваат на маргинализираните заедници (особено оние кои се однесуваат на заштита од дискриминација по основа на политичка или етничка припадност).

Извештајот содржи голем број критики, особено кон КЗД, но наше барање и наша цел е секоја критика да биде сфатена како конструктивна забелешка, насочена кон давање препораки за подобро работење на институциите надлежни за заштита од дискриминација, а со тоа и постигнување повисок степен на заштита од дискриминација.

[1] Извештај за работата на Комисијата за заштита од дискриминација во првата година од нејзиното постоење http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/izvestaj-vo-senka-za-komisija-vo-senka-MKD.pdf;Анализа на механизмите за спречување и заштита од дискриминација во РМ http://civilsociety.mk/analiza-na-mehanizmite-za-sprechuvan-e-i-zashtita-od-diskriminatsija-vo-republika-makedonija/ и др.

## 3. РЕЗИМЕ

Во текот на 2014 година МЗД достави 7 претставки до КЗД, 4 претставки до Народен правобранител, 1 претставка до Државниот санитарен и здравствен инспекторат, 1 претставка до Дирекцијата за заштита на лични податоци, 1 жалба до Советот за етика, 1 барање за замешувачи доставено до Основен суд Гостивар, 1 жалба доставена до Апелационен суд Гостивар, 4 барања за информации доставени до Основно јавно обвинителство Скопје, 1 барање за реакција до КЗД и 1 барање за постапување по службена должност доставено до Народен правобранител. Од нив завршени се 4 случаи за кои беше доставена претставка пред КЗД и сите 4 случаи за кои беше доставена претставка пред Народниот правобранител.

КЗД не утврди дискриминација во 4 од случаите за кои беа поднесени претставки во 2014 година кои во просек беа решени за 2 до 11 месеци по предмет. Од постоењето на КЗД до сега имаме примено единствено едно мислење согласно законскиот рок од 90 дена. За останатите три мислења КЗД во просек го надминува рокот за постапување за осум месеци за секоја претставка.

Поради евидентното надминување на рокот од 90 дена за одговор по поднесените претставки од страна на КЗД, кое во случајот со сеграгција на деца Роми во образовниот процес надмина и 3 години, МЗД одлучи да поднесе претставка до Народниот правобранител против КЗД за ненавремено постапување по поднесени претставки. КЗД постапувајќи согласно укажувањата на Народниот правобранител за постапување по поднесените претставки, ги достави мислењата до КЗД за 10 претставки поднесени во периодот од 2011 до 2013 година[2].

Во текот на 2014 година МЗД се повикала на сторена дискриминација врз 5 основи: пол и род (1 случај); сексуалната ориентација (5 случаи); здравствената состојба (3 случаи); етничката припадност (3 случаи) и политичката припадност (1 случај).

Претставките на МЗД се однесуваат на областите пристап до добра и услуги (3 случаи), јавно информирање и медиуми (3 случаи), здравствена заштита (1 случај) и правосудство и управа (2 случаи).

Поради тоа што МЗД утврди неефикасност во работењето на КЗД, во 2014 година беа поднесувани и претставки до други институции за заштита од дискриминација, особено до Народниот правобранител. И покрај тоа што КЗД функционира повеќе од 4 години, можеме да констатираме дека Народниот правобранител се уште е тело за еднаквост кое покажува поголема ефиксаност во работењето. Имено, МЗД во текот на 2014 година до КЗД поднесе 7 претставки од кои одговор доби на 4, а единствено една претставка беше решена во законскиот рок од 90 дена, додека до Народниот правобранител поднесе 4 претставки за кои одговор доби на сите претставки и тоа во рок од неполни 2 месеци. Преку одговорите кои ги добивме од КЗД може да се констатира

[2] Извештај за работата на Мрежата за заштита од дискриминација за периодот од 2011 - 2013 година http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/685/IZVESTAJ_-_Mreza_za_zastita_od_diskriminacija_-_FINAL.pdf

неконтинуираност во одлучувањето[3], но и во начинот на пишување на одлуките, односно дел од одлуките имаат образложение подолго од 10 страни, додека дел од одлуките се пократки и од 2 страни. Од вака образложените одлуки не може да се утврди пракса во постапувањето на КЗД која понатаму може да се користи како критериум во заштитата од дискриминација како од страна на КЗД, така и од страна на судовите.

Во поголемиот дел од добиените мислења од КЗД утврдивме дека истите биле донесени подолг временски период пред да бидат доставени до членките на МЗД, иако во јавноста често упатувавме критика за ненавременото одлучување на КЗД по поднесените претставки. Фактот што овие мислења беа доставени до членките на МЗД по ургенција од Народниот правобранител, укажува на неажурност и административна неподготвеност на КЗД да ги достави мислењата веднаш штом се донесени. Дополнително, КЗД треба да го има предвид фактот дека претставките од МЗД се поднесуваат како во име на индивидуи - жртви на дискриминација, така и во име на цели групи граѓани кои се дискриминираат, па оттука неажурноста и неефикасноста на КЗД се рефлектира кон овие граѓани.

Во извештајот подолу даваме детален осврт на сите прашања кои ги отвора ова резиме.

[3] Рзлика во одлучувањето за учебниците

## 4. ЗАСТАПЕНОСТ НА ДИСКРИМИНАТОРСКИТЕ ОСНОВИ, ОБЛАСТИ И ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ПРЕТСТАВКИТЕ УПАТЕНИ ОД СТРАНА НА МЗД ДО ИНСТИТУЦИИТЕ

Во претставките доставени до институциите во 2014 година МЗД се повикала на сторена дискриминација врз 5 основи и тоа здравствена состојба - лица кои живеат со ХИВ (3 случаи), сексуална ориентација (3 случаи), етничка припадност (3 случаи), родов идентитет (1 случај) и пол (1 случај). Во две од претставките се појавуваат две дискриминаторски основи, односно сексуална ориентација и здравствен статус - лица кои живеат со ХИВ.




Ваквата застапеност на дискриминаторските основи сметаме дека не претставува репрезент на дискриминаторските практики во Македонија, туку се должи на специфичниот фокус на работа кој го имаат членките на МЗД ( права на Ромите и другите етнички заедници, сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, сервиси кон лицата кои користат дроги, сексуални работнички и лица кои живеат со ХИВ, женски права и др).

И областите на кои се однесуваат претставките на некој начин ги претставуваат стратешките области во кои работат членките на МЗД, но ги застапуваат и нивните актуелни активности, застапени во проектите кои ги имплементираат организациите. Па така, голем број од поднесените претставки се однесуваат на дискриминаторски натписи или прилози во медиумите кон маргинализираните заедници (2 случаи), дискриминацијата од управните органи, односно од Министерството за внатрешни работи кон припадниците на ромската етничка заедница (2 случаи), дискриминација во областа добра и услуги (3 случаи) и дискриминација во областа здравствена заштита (1 случај).

Во најголемиот број од претставките членките на МЗД барале да биде утврдена директна дискриминација, но не изостанува ниту барњето за утврдување на вознемирување. Доминира директната дискриминација, која е наведена во 6 случаи, а на второ место е вознемирањето како облик на дискриминација кое е побарано да биде утврдено во 3 случаи. Во еден случај е побарано да биде утврдена продолжена дискриминација (случај Охрид).




Во голем дел од претставките доставени до КЗД, особено оние кои се однесуваат на медиумите, беше побарано да биде поведена и прекршочна постапка, а согласно законските надлежности на КЗД. МЗД вакво барање упатува до КЗД и во претставките доставени и во изминатите години, но досега немаме одговор дека ваква постапка била поведена за некој од предметите.

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА (КЗД)

МЗД во 2014 година поднесе 7 претставки, додека во претходните години 24 или вкупно за периодот од почетокот на 2011 до крајот на 2014 година МЗД поднесе вкупно 31 претставка до КЗД. До сега МЗД има добиено одговор на 23 претставки од кои 10 во 2014 година поради укажувањето од страна на Народниот правобранител за пречекорувањето на законскиот рок од 90 дена за одлучување.



МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Од добиените 23 одговори КЗД утврдила дискриминација во 4 од претставките, во 1 утврдила делумна дискриминација, во 12 утврдила дека нема дискриминација, ја запрела постапката во 5 случаи на наводна дискриминација, а во 1 случај претставката е отфрлена поради ненавременост. Конкретно во 2014 година од 7 поднесени претставки одговор е добиен за четири претставки и за сите е негативен, односно КЗД не утврди дискриминација.

Од ваквата статистика може да се утврди дека КЗД во приближно половина од претставките смета дека не постои дискриминација, што влева сомнеж во капацитетите на членовите на КЗД да препознаат дискриминација.




### 5.1 ПРЕДМЕТИ ВО КОИ Е УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Позитивна е тенденцијата на КЗД за утврдување на дискриминација по основ на сексуална ориентација. Впрочем, сите позитивни мислења на КЗД добиени во 2014 година (вкупно 3) се однесуваат на дискриминацијата по основ на сексуална ориентација. Особено важно е што КЗД утврди дискриминација, односно вознемирување кон ЛГБТИ лицата за натписи објавени во медиумите со кои овие лица се стигматизираат или пак имаат тенденција да создадат омраза кон ЛГБТИ заедницата. Се надеваме дека ваквите мислења ќе бидат почитувани од страна на конкретните медиуми и новинари кои го сторија вознемирувањето, но и од страна на останатите медиуми и новинари кои известуваат за теми од областа на ЛГБТИ правата.

**1. Случај: Прилог емитуван на ТВ Сител по повод Меѓународниот ден против хомофобијата**

На ден 22.05.2012 година Коалицијата поднесе претставка до КЗД против новинарот Александар Спасовски и одговорниот уредник на дневникот на телевизија Сител Драган Павловиќ Латас. Претставката беше поднесена поради објавениот прилог во централните вести на телевизија

Сител во 19 часот во кој новинарот изјавува дека *„на хомосексуалците им е потребна професионална и медицинска помош наместо законска помош„*. Претставката беше поднесена и против главниот и одговорен уредник на вестите поради тоа што дозволил објавување на прилог кој содржи елементи на омраза против лицата со хомосексуална ориентација кои имаат за цел создавање на ирационален страв од овие лица во јавноста.

КЗД постапувајќи по поднесената претставка утврди дека ваквиот прилог претставува дејствие на дискриминација, кој во себе содржи и елементи на говор на омраза, предизвикува предрасуди и го нарушува достоинството на лицата по основ на сексуална ориентација. КЗД во своето мислење наведува дека никој нема право да го користи (под изговор) правото на слобода на изразување кое воедно анимира, поттикнува, сугерира и упатува на вознемирување и непочитување на индивидуата и интегритетот на било кој граѓанин на РМ. Укажува и смета дека треба да се почитува личноста на припадниците на ЛГБТИ и треба да се биде претпазлив при коментирање на на нивното однесување за да не предизвикаат вознемирување кај овие лица. Изразите кои се употребени во конкретниот прилог може да создадат перцепција дека ЛГБТИ лицата не се добри, постои чувство на неразбирање за нив и нивното постоење, па дури и омраза.

КЗД наведува дека секој има обврска да се воздржи од неоправдани разлики или нееднакво постапување и поттикнување (исклучување, ограничување или предност), во однос на некое лице или група на лица, врз основа на личен статус.

Од ваквото мислење особено важно е дека КЗД утврдува невидливост на ЛГБТИ лицата во законската регулатива, поради отсуството на сексуалната ориентација како основ на дискриминација. Во Кривичниот законик сексуалната ориентација не е наведена како дискриминаторска одредба, како и во Законот за аудио и аудиовизуелни услуги. Сексуалната ориентација не е наведена како основ за дискриминација ниту во ЗСЗД, но во мислењето на КЗД тоа не е споменато.

КЗД смета дека во вакви случаи мора да постои институционална реакција, поради тоа што нереагирањето на институциите за дискриминаторско однесување во толку отворен степен сериозно ќе ја поткопа причината на постоењето на самите законски решенија и институционалните тела.

Оттука, КЗД дава препорака за преземање на обврска од страна на секој актер во медиумската област за воздржани ставови и правење на неоправдани разлики или нееднакво постапување и поттикнување, исклучување или ограничување во однос на некое лице или група на лица врз основа на личен статус. КЗД бара и ретроактивното дејство на оваа обврска во случаите кога тоа е можно.

**2. Случај: Хомофобична кампања во дневниот весник Вечер**

МЗД на ден 08.11.2012 година поднесе претставка против дневниот весник Вечер и главната и одговорна уредничка Ивона Талевска поради тоа што во четири последователни изданија на насловната страна на весникот беа објавувани фотографии и „спектакуларни наслови„ со

дискриминирачки содржини кон ЛГБТИ лицата. Ваквите дејствија претставуваа продолжување на хомофобичната кампања водена од страна на весникот подолг временски период.

КЗД утврди дека ваквата кампања претставува говор на омраза и дека е извршено повеќекратно и продолжено вознемирување врз „која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор„ согласно член 3 од ЗСЗД. Во даденото мислење КЗД повикува на поголема почит кон различностите во македонското општество, без разлика дали истата е изрично наведена во законот, притоа потенцирајќи ја значајната улога на новинарите и уредниците во креирањето на јавната свест. Уште повеќе, треба да се способни да препознаат дискриминација, дискриминаторски практики, како и да се дистанцираат и остро да го осудат секој говор на омраза.

Иако мислењето е позитивно, со осуда за говорот на омраза кон ЛГБТИ лицата, сепак КЗД не утврдува дека дејствијата претставуваат вознемирување врз основа на сексуална ориентација, туку го цитира делот од ЗСЗД каде е наведено „која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор„. Со ова КЗД оди чекор наназад и ја напушта досегашната практика на утврдување дискриминација врз основа на сексуална ориентација, што беше особено важно за видливоста на лицата со хомосексуална ориентација и препознавањето на дискриминацијата која секојдневно ја чувствуваат.

**3. Случај „Учебници со дискриминаторна содржина на медицинскиот факултет при УКИМ„**

МЗД поднесе претставка против проф. д-р Велимир Стојковски, ректор на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј„ - Скопје и авторите Георги Чадловски, Ангелина Филиповска, Диана Балевска, Антони Новотни и Камка Пакетчиева, за дискриминација на лица со хомосексуална ориентација, односно за дискриминација по основ на сексуална ориентација, како автори на учебниците „Медицинска психологија„ „Психијатрија„ Том 1 и „Психијатрија„ Том 2. Овие учебници се користат во високото образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" како психолошко-психијатриска стручна литература за студентите по медицина, психологија и други сродни студии. Учебниците содржат хомофобична содржина која хомосексуалноста ја претставува како ментално растројство, инверзија на сексуалниот нагон, се дефинира „нормална сексуална активност" како сексуална активност на лица од различни полови итн.

КЗД го потврди објаснувањето дадено во претставката дека во современата научна мисла под сексуална ориентација се признати хомосексуалноста, хетеросексуалноста и бисексуалноста (додека во повеќе научни трудови се зборува и за асексуалноста). Меѓународна статистичка класификација на болести и здравствени проблеми на Светската здравствена организација (МКБ-10 ревизија), како и Дијагностички и статистички прирачник на ментални растројства (ДСМ IV- TP), како најрелевантни извори ја имаат исфрлено сексуалната ориентација како ментално растројство уште во 1987 година, со што во МКБ-10 ревизија пишува дека "Сексуалната ориентација, сама по

себе, не треба да се смета за растројство.” КЗД даде препорака да се отстранат и исфрлат од употреба посочените делови од учебниците, додека во образложението наведува дека во своите изјаснувања повеќето од авторите на учебниците се извинуваат за настанатите грешки во посочениот текст.

Сепак, ваквиот став на КЗД не беше потврден во мислењето дадено за случајот Учебници со дискриминаторна содржина на студиите по психологија и по родови студии на Филозофскиот факултет при УКИМ, каде КЗД образложи дека нема дискриминација поради тоа што наведува дека плурализмот на научни ставови и аргументација е карактеристика за академската заедница и посочениот учебник го третира како дел од тој плурализам.

## 5.2 ПРЕДМЕТИ ВО КОИ НЕ Е УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

КЗД утврди дека не постои дискриминација во 9 предмети кои ги иницираше МЗД. Во продолжение следи анализа на секој предмет и секое мислење добиено од КЗД.

***1. Колумна во Дневен весник "Вечер" и главен и одговорен уредник Драган Павловиќ Латас***

На ден 19.04.2012 година, Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници поднесе претставка до КЗД заради утврдување на дискриминација врз основа на сексуалната ориентација против дневниот весник "Вечер" и главниот и одговорен уредник на весникот Драган Павловиќ Латас со барање текстот да се повлече, а против сторителот да се поведе прекршочна постапка. Подносителот во претставката аргументираше дека авторот на текстот, воедно и одговорен уредник во весникот, се служи со говор на омраза против лицата со хомосексуална ориентација, при тоа стигматизирајќи ги преку изјави кои имаат за цел да создадат ирационален страв во јавноста во однос на хомосексуалците. Барањето за утврдување на дискриминација, покрај на одредбите од ЗСЗД беше засновано и на судската пракса на ЕСЧП кој одлучувал во слични случаи. Заради непостапувањето на КЗД по оваа претставка, Коалицијата поднесе ургенција, а на ден 05.09.2014 со заедничка претставка од Мрежата за заштита од дискриминација беше побарано од Народниот правобранител да ја задолжи КЗД да одговори по сите заостанати предмети, вклучувајќи ја и претставка против весникот "Вечер" и главниот и одговорен уредник Д.П.Латас.

На ден 30.12.2014 година МЗД го доби мислењето бр. 07-431/3 на кое според датумот кога е заведено, 07.02.2013 година, укажува дека мислењето е донесено една година пред доставувањето до подносителот. Во образложението на мислењето, КЗД утрдила дека не постои дискриминација, од причина што авторот на текстот не давал свое мислење, туку пренесувал информации за случувањата со хомосексуалците во регионот и пошироко. Веднаш по ваквата констатација КЗД во своето мислење цитира токму став на авторот, но сепак го оправдува со слободата на изразување загарантирана со член 16 од Уставот на Република Македонија. КЗД воопшто не ги анализира изјавите на потенцијалниот дискриминатор нагласени во претставката,

туку генерално дава оценка дека со спорниот текст авторот не шири, поттикнува, промовира или оправдува омраза кон хомосексуалците.

КЗД и во претходните претставки против истиот автор, избегна да постапува и да утврди дискриминација, со образложение дека текстот е објавен пред стапување на сила на ЗСЗД.

***2. Случај Д-р Анчевски***

Лице кое живее со ХИВ поднесе претставка против Дерматолошко естетско корективната ординација ‘‘Д-р Анчевски Ласер Лаб‘‘ поради тоа што извршила индиректна дискриминација врз основа на здравствена состојба, на начин што ординацијата одбила да му изврши на лицето хируршка интервенција со образложување дека ја нема потребната ‘двојна стерилизација‘ која наводно се користи при изведување на хируршките интервенции кај лица кои живеат со ХИВ.

Во своето мислење КЗД воопшто не го зема во предвид однесувањето и нееднаквиот третман на ординацијата кон подносителот, туку се повикува на фактот дека ординацијата немала дозвола за вршење на хируршки интервенции. Симптоматично е тоа што подносителот достави доказ за закажан преглед за хируршката интервенција и доказ од веб страната на ординацијата на која се нудат хируршки интервенции, како онаа која ја побарал подносителот. Иако подносителот ги достави сите потребни докази за да ја докаже дискриминацијата, односно го сторил веројатно постоењето на дискриминацијата, КЗД во ниту еден момент не го префрли товарот на докажување врз потенцијалниот дискриминатор.

Според штембилот ставен на мислењето од страна на КЗД произлегува дека тоа е донесено на 27.03.2013 година, што е прилично збунувачки бидејќи во постојаната комуникација на подносителот со КЗД, му беше усно кажувано дека предметот се уште не е решен. Ова мислење никогаш не е дадено на подносителот, туку на претставници на МЗД кои на крајот на 2014 година вршеа увид во предметите формирани по поднесените претставки. Дополнително збунува фактот што мислењето не е објавено на веб страната на КЗД во делот донесени мислења во 2013 година. Ваквото постапување од страна на КЗД претставува кршење на правото на тајност на информациите при поднесување на претставки кога се работи за лица кои живеат со ХИВ, поради тоа што претставката беше предадена на претставниците без да биде анонимизирана. Иако во конкретниот случај олеснителна околност е што мислењето беше дадено на претставници на МЗД, сепак сметаме дека ваквиот очигледен пропуст ја докажува несензибилизираноста на вработените и членовите на КЗД за постапување во вакви случаи.

***3. Изјава на Спиро Ристовски, поранешен министер за труд и социјална политика***

Во јануари 2013 година, неколку организации од МЗД поднесоа претставка со барање КЗД да утврди дискриминација врз основа на сексуалната ориентација, семејната и брачната состојба и да даде препорака на тогашниот министер за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, да ги повлече изјавите дадени во медиумите со кои сторил дискриминацијата. Подносителите на претставката аргументираа дека во изјавата дадена во медиумите, Спиро Ристовски прави разлика

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

помеѓу здравствената состојба на хетеросексуалците и хомосексуалците како и помеѓу децата растени во хетеросексуална, хомосексуална или во заедница со еден родител, без родители и тн. Хетеросексуалните семејства со двајца родители, мајка и татко, ги дефинира како природна здрава средина, со што ги исклучува од здравата нација хомосексуалните лица и заедници како и сите други заедници кои добиле и одгледуваат деца надвор од "вистинската биолошка форма". Со изјавата, тој ги дискриминира сите деца и форми на заедници во кои децата добиваат неопходна грижа, љубов и внимание, односно деца израснати од самохрани мајки, деца израснати од блиски роднини, децата без родители, посвоените деца, децата израснати од истополови двојки и заедници, децата од различни култури во кои принципот на брак и биолошка двојка не е клучен во процесот на одгледување и грижа за децата.

Во своето мислење бр. 07-581/3 од 10.09.2013 година, КЗД во говорот на Спиро Ристовски, не утврди поттикнување на омраза или вознемирувачка содржина врз некој од основите содржани во член 3 од ЗСЗД и одлучи дека нема дискриминација. Во мислењето, воопшто не се анализираат зборовите на потенцијалниот дискриминатор, единствено се дава општа констатација со која се оправдува спорната изјава преку неговата слободата на изразување. Одлуката на КЗД не е поткрепена со правен аргумент ниту се повикува на закон или меѓународен ратификуван договор, што остава впечаток дека станува збор за личен став на комесарите, а не правно засновано мислење. Од ваквото мислење е очигледно дека КЗД не успеа да обезбеди независност при одлучувањето, земајќи предвид дека одлуката е донесена во период кога Спиро Ристовски беше се уште актуелен Министер за труд и социјална политика, а претседателот на КЗД и уште една членка се државни советници во министерството за труд и социјална политика.

***4. Учебници на Проф. Олга Мурџева Шкариќ***

Во септември 2013 година неколку организации од МЗД поднесоа претставка за утврдување на дискриминација врз основа на сексуалната ориентација во неколку спорни учебници од иста авторка и тоа: “Психологија на детството и адолесценцијата: развојна психологија I“ (Мурџева-Шкариќ,2009) (“Детство”), “Психологија на возрасните и стареењето: развојна психологијаII“ (Мурџева-Шкариќ, 2010) (“Возрасните”), и “Психологија на родот: родовиот идентитет и родовите улоги” (Мурџева-Шкариќ, 2002) (“Род”)., со барање Ректоратот на Униврзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје (УКИМ) и авторката да ги повлечат од употреба учебниците и да ја заменат содржината во насока која одговара на современата научна мисла и не содржи дискриминација. Авторката Олга Мурџева-Шкариќ напишала и објавила, а Ректоратот на УКИМ дозволил во наставната програма да се употребуваат учебници кои содржат дискриминирачка содржина кон лицата со не-хетеросексуална ориентација, односно сториле дискриминација врз основа на сексуалната ориентација. Со претставката беше побарано авторката и Ректоратот јавно да се извинат за сторената дискриминација и последиците од неа. Барањата во оваа претставка беа засновани врз ЗСЗД, меѓународните стандарди за заштита од дискриминација, но и врз основа на досегашаната правна пракса на КЗД во утврдување на дискриминација во учебникот "Педагогија", мислење бр. 2/27/22 од 29.06.2011 година.

КЗД донесе мислење бр. 07-622/8 од 20.11.2014 година со кое утврдува дека во посочениот учебник нема дискриминација, без притоа да наведе за кој учебник станува збор. Во

образложението на мислењето стои дека посочените извадоци од текстот, не содржат елементи на вознемирување на припадниците на било која заедница, вклучувајќи ги и лицата кои имаат сексуална ориентација различна од хетереосексуалната. Понатаму, КЗД наведува дека авторката е компетентна личност и учебникот е рецензиран од компетентни лица во научната област, па "КЗД не претендира да цени дали научните аргументи и ставови кои ги изнесува авторката се точни, туку укажува дека авторката дава одредена своја научна интерпретација на одредена општествена и психлошка појава, без притоа имплицитно или експлицитно да повикува  или поттикнува омраза".

Во конкретниот случај, КЗД покажува неконзистентност со својата претходна правна пракса. Имено, КЗД има заземено јасен став дека претствување на сексуалниот живот на лицата со хомосексуална ориентација како, изопачен, неприроден, ненормален претстваува вознемирување, предизвикува чувство на пониженост и го повредува достоинството на група луѓе врз основа на сексуалната ориентација.[4] Во врска со аргументот на КЗД, дека авторката Олга Мурџева Шкариќ има слобода на научно творештво врз која може да истражува појави во природата и општеството, слобода да поставува хипотези, да се повикува на претходни истражувачки резултати, мислења на други автори итн., повторно постои контрадикција со претходните ставови на КЗД. Според мислењето на КЗД во 2011 година, "*учебниците не смеат во своите содржини да имаат текстови со кои се стигматизира определена група налуѓе, особено ако се земе во предвид фактот дека учебникот пред се има едукативна и воспитна функција, па според тоа и содржинните на учебниците не смеат да бидат насочени кон кршење на човековите права*." Оттука, КЗД, во предметниот учебник пропушти да го анализира влијанието на текстовите врз образованието и едукативната функција на учебниците со спорната содржина.  Усвојување на различни мислење за слични прашања, го нарушува принципот на владеење на правото и правната сигурност на граѓаните. Независно што КЗД не носи правно обврзувачки мислења, сепак при создавањето на правната пракса треба да ја почитува правната сигурност, а примената на ЗСЗД да биде предвидлива за идните жртви на дискриминација врз било која основа. И во ова мислење недостасува правната основа за неговото донесување, а едноставно реферирање на Уставот, без да се посочи конкретната одредба, не е доволно да го направи мислењето законито и во согласност со Уставот и меѓународните договори.

***5. Љубица Балабан авторка на текст и Дарко Јаневски главен и одговорен уредник на дневниот весник "Дневник"***

На ден 15.05.2014 година, МЗД поднесе претставка против авторката Љубица Балабан и главниот и одговорен уредник на дневниот весник "Дневник", Дарко Јаневски, заради тоа што објавиле текст кој вознемирува и дискриминира врз основа на сексуалната ориентација и стигматизира врз основа на здравствен статус. На ден 19.03.2014, објавен е текст со наслов "Алармантно ширење на ХИВ - 11 нови случаи на ХИВ, осум се од врска на „маж со маж", а на насловната страница на весникот претствени се двајца мажи како се држат за рака. Подносителите сметаат дека текстот, почнувајќи со визуелизацијата на насловната страна е вознемичувачки и стигматизирачки кон геј мажите и луѓето кои живеат со ХИВ.  Зборот „алармантно“ е на црвена позадина и создава

[4] Комисија за заштита од дискриминација. Мислење бр. 2/27/11 од 29.06.2011 година.

впечаток дека се работи за епидемија на ХИВ вирусот, што ја дезинформира јавноста и создава паника кај општата јавност. Потенцирањето дека ХИВ се шири „од врска на маж со маж“, не само што не е точно (бидејќи ХИВ се шири преку незаштитен сексуален однос, а не од врска), туку и ги дискриминира геј мажите претставувајќи ги како виновници и главни преносители на ХИВ вирусот. Ваквата реторика е опасна и штетна од повеќе аспекти и е во спротивност со сите досегашни напори преземени од страна на невладиниот сектор и Министерството за здравство за едукација на населението и намалување на стигмата кон лицата кои живеат со ХИВ.

Според мислењето на КЗД бр. 07-989/3 од 28.11.2014 година, КЗД нема надлежност врз медиумите во однос на нивната уредувачка политика, односно на кој начин ќе биде пренесена одредена вест, се додека истата не е непријателска и понижувачка во однос на одредена заедница која поседува некоја од заштитените карактеристики. Комесарите сметаат дека немаат надлежност да регираат на тоа што од страна на авторот е користен зборот "алармантно" на црвена позадина. Понатаму, КЗД во во своето мислење наведува дека податоците во спорниот текст се точни, произлегуваат од истражување и дека текстот повикува на зголемување на едукацијата како единствен начин на кој може да се спречи ХИВ вирусот. Во заклучокот на мислењето утврдено е дека не е сторена дискриминација, а ваквата одлука е заснована на единствената цитирана одредба, членот 4 од Законот за медиуми. КЗД воопшто не се повикува на ЗСЗД, посебно на одредбата која и дава надлежност да постапува и одлучува за случаи на дискриминација од страна на медиумите.

Од анализираните мислења, може да се заклучи дека КЗД продолжува со неконзистентната заштита од дискриминација врз основа на сексуалната ориентација, па во слични ситуации носи различни мислења, со различен обем на образложение за својата одлука. Поради ова, неопходно е да се инсистира на доследна примена на ЗСЗД и донесување на мислења кои ќе бидат правно засновани превенствено на ЗСЗД, како и останатите закони и меѓунардоните договори со кои се забранува дискриминација врз основа на сексуалната ориентација. КЗД не смее да дозволи медиумите и одделни новинари кои објавуваат вознемирувачка и дискриминациска содржини да остануваат несанкционирани, а нивните објави, КЗД да ги оправдува со медиумската слобода на изразување. Сличен аргумент, КЗД употребува и во мислењето против учебниците на Проф. Олга Мурџева Шкариќ, без да ги земе предвид ограничувањата на оваа слобода кои се јасно нагалсени во правната пракса на ЕСЧП, како и праксата на КЗД.

***6. Случај Кафе бар Azure Прилеп***

Здружението на граѓани РОМА СОС, како членка на МЗД на ден 30.04.2014 година поднесе претставка до КЗД во име на три лица од ромска националност поради дискриминација од страна на вработено лице задолжено за услуга на гостите во кафе бар Azure со што не им бил овозможен пристап до услугите. Кога лицата побарале да бидат услужени вработеното лице само им укажало дека *не може нив да ги послужи, бидејќи имал забрана од сопственикот.* По неколку обиди да бидат услужени, вработеното лице не покажало никакво внимание ниту ги услужил тројцата Роми туку настојувал да го напуштат локалот, по што тие се упатиле во полициската станица да го

пријават случајот. Службеникот на кој му бил пријавен случајот и кој разговарал со нив, воопшто не направил записник за случајот со образложение дека кафе барот е приватно место, па поради тоа не може да биде преземено ништо од страна на полициските службеници, единствено е можно да се постапи од страна на МВР доколку би имало физички напад.

КЗД не утврди дека е извршена дискриминација врз основа на раса, боја на кожа и етничка припадност, согласно член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Образложението на КЗД за ваквото мислење се заснова на фактот што Комисијата испратила барање за изјаснување на адреса на кафе барот, но никогаш не добиле одговор иако доставиле и ургенција на која исто така нема одговор.  По ова направиле обид телефонски да  стапат во контакт со кафе барот, но по неколку неупешни обиди стапиле во контакт со подносителот на претставката кој ги известил дека има сознание дека кафе барот не постои извесно време и не работи.

Неможноста да се стапи во контакт со сопственикот и да се добие одговор од него е причина поради која Комисијата одлучила дека не е извршена дискриминација врз основа на раса, боја и етничка припадност.

За Комисијата претставката и постапувањето по истата е беспредметна бидејќи кафе барот не постои повеќе (не проверена информација,туку се потпира на кажаното на подносителот на претставката) и има недостаток на идентитетот на дискриминаторот, наведувајќи конфузни образложенија во однос истото.

Имено претставката е поднесена против правното лице иако дискриминацијата ја врши лице вработено во правното лице односно член на персоналот задолжен за услуга на гостите.  КЗД наведува дека го препознава фактот дека и правното лице е одговорно за дискриминаторско однесување на своите вработени  кон клиентите, а потоа дава обрзложение дека не е познат иднетитетот на дискриминаторот и поради тоа претставката е беспредметна.

При одлучувањето на КЗД воопшто не се цени Изјавата на трите лица кои се соочиле со дискриминација, а во која е опишана целата ситуација врз основа на која се темели претставката, навредливите зборови кои се упатени од вработеното лице и е единствен доказ во постапката. При тоа не е побарано да се повикаат и да дадат дополнителни образложенија доколку КЗД смета дека  доказот со давање на Изјава не е релевантен.

За непостапувањето на полициските служебници кои не направиле записник во моментот на пријавувањето на дискриминаторското однесување, само наведува дека не се впушта во испитување на вистинитоста на тие тврдења и потецира дека припадниците на Министерството за внатрешни работи се должни да постапуваат во вакви случаи и тоа е нивна обврска. По ова Комисијата во ниту еден момент нема  постапено до МВР за да ја провери веродостојноста на исказите и да се утврди зошто не е направен  записник во моментот кога лицата побарале помош.

На крај КЗД дава можност за идна соработка со невладиниот сектор за активности со кои ќе се подигне свеста на полициските службеници и нивна едукација за антидискриминаторски аспекти

на нивната работа, при што не е јасно дали Комисијата цени дека полициските службеници самите направиле дискриминација и ја поддржале дискриминацијата кон тројцата Роми направена од кафе бар Azure?

КЗД го советува здружението, подносител на претставката да се обрати до полициската станица со цел ваквите наводни пропусти да не се повторат, без да достави препорака до самата институција со вакво укажување.

***7. Случај Кампања против абортусот***

Претставката за  Кампања против абортусот, поднесена од здружението на граѓани ХЕРА против Владата на РМ И Советот за радиодифузија, сега Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е случај во кој КЗД не утврди вознемирување. Според МЗД, Владата на Република Македонија нарача и изработи, а Советот за радиодифузија на Република Македонија дозволи да се емитува рекламен спот против абортусот со вознемирувачка и непријатна содржина, со кој се врши стигматизација и се повредува човечкото достоинство на жените кои сакаат да извршат абортус и се создава понижувачка и застрашувачка средина за здравствените работници при вршење на  абортусот, односно извршено е вознемирување пропишано во член 7 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во рекламниот спот уставно загарантираното право на абортус се изедначува со кривичното дело убиство. По упатена претставка од група пратеници СРД донесе одлука спотот да се категоризира како програма од петта категорија и да се емитува во термините од 00:00 до 05:00. И по ваквата одлука спотот продолжи да се емитува на јавниот телевизиски сервис и на неколку приватни телевизии, надвор од предвидениот период кога се емитуваат телевизиски програми од петта категорија, со изменета форма, односно делот во кој абортусот е идентификуван како убиство е заматен, а врз сликата се појавува натпис ‘‘Цензурирано од Совет за радиодифузија на Република Македонија‘‘. На крајот на спотот додаден е цитат од Мајка Тереза со следнава содржина ‘‘Греота е детето да го нема за да вие живеете како сакате‘‘, со што всушност повторно се става вознемирувачката конотација дека абортусот е убиство.

Заради сето ова ХЕРА достави претставка до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (поранешен СРД) во која се бара повлекување на спотот, на што е добиен негативен одговор. После ваквиот епилог и добиената негативна одлука од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поднесена е претставка за вознемирување пред КЗД.

Загрижувачки е тоа што во своето мислење КЗД воопшто не навлегува во оценување на спорниот рекламен спот и не дава свое мислење околу постоење на евентуално вознемирување туку се повикува на претходно водената постапка за истиот спот пред Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (поранешен СРД). Со ова се добива впечаток дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (поранешен СРД) има поголема експертиза, стручност и легитимитет да одлучува по прашања поврзани со човековите права, отколку КЗД која е (треба да биде) експертско тело за заштита на правото на еднаквост, заштита од дискриминација и вознемирување.

Нелогично и конфузно е како КЗД во самото мислење се прогласува за ненадлежна да постапува по претставки за вознемирување, иако во ЗСЗД експлицитно е пропишано дека КЗД постапува по претставки за дискриминација и вознемирување. КЗД иако се прогласува за ненадлежна за постапување по поднесената претставка, сепак во своето мислење дава препорака во која ги упатува подносителите правдата да ја бараат пред други надлежни органи, при тоа не наведувајќи кои се тие органи.

***8. Случај Шехерезада***

МЗД поднесе претставка против слаткарницата Шехерезада, а во име на едно лице кое пријави дека му бил ограничен пристапот до добра и услуги поради неговата сексуална ориентација. Во претставката беше наведено дека во повеќе наврати ова лице и уште двајца негови другари не биле услужени од страна на вработените во посочената слаткарница и кон нив биле упатени деградирачки и понижувачки зборови поради тоа што биле припадници на ЛГБТИ заедницата. Овие лица не биле услужени од страна на вработените, бидејќи како што им било кажано сопственикот им наредил на вработените да не ги служат поради нивната сексуална ориентација. Подоцна од страна на еден од вработените на лицата им било кажано дека ни вработените, ниту пак сопствениците не ги сакале таму, по што лицата престанале да го посетуваат тоа место Ваквата постапка се повторила неколку пати, поради што пријавителите имале чувство на пониженост, им било повредено нивното достоинство, а од друга страна им побудило и чувство на срам пред другите гости во слаткарницата.

КЗД во конкретниот случај не утврди дискриминација, поради тоа што постоела само изјавата на лицето кое пријавило дискриминација, која не била доволен доказ за утврдување на дискриминација. Дополнително, сопственичката на слаткарницата во својот одговор доставен до КЗД категорично негирала дека се врши дискриминација кон која било група од страна на вработените или пак од нивна страна како правно лице.

Ова мислење претставува доказ за неефикасноста и некомпетентноста на КЗД да постапува и да утврди дискриминација во конкретни случаи, поради тоа што изјавата на лицето подносител беше поткрепена и со изјава на лице-сведок кое присуствувало на повеќе од настаните објаснети во претставката кога им било ограничено правото на пристап до добра и услуги единствено поради тоа што се припадници на ЛГБТИ заедницата. Земајќи ја предвид праксата на ЕСЧП во однос на префрлување на товарот на докажување, сметаме дека изјава од сведок е доволна за КЗД да го префрли товарот на докажување и да бараше слаткарницата да докаже дека не дискриминира. Поднесената изјава од сведокот воопшто не беше ниту земена предвид како доказ за извршената дискриминација од страна на КЗД, што докажува дека граѓаните не можат да очекуваат заштита од оваа институција, дури и во случаи кога имаат доволно докази за да се префрли товарот на докажување на наводниот дискриминатор или пак дека била извршена дискриминација.

***9. Случај Капење на притворени лица во притворските одделенија***

МХК поднесе претставка до КЗД против Министерството за правда на РМ како изготвувач на Правилникот за куќниот ред за извршување на мерката притвор во притворските одделенија на затворите (Службен весник на РМ бр.101/2011) поради дискриминација по основ на полн кон мажите во членот 19 став 3. Во спорниот член е наведено дека капење на притворените лица од машки пол треба да се врши најмалку еднаш неделно, додека за женските лица треба да се врши најмалку два пати неделно.

Во конкретниот случај КЗД не утврди дискриминација поради тоа што конкретниот правилник го одредува минималниот број, а не максималниот на капења и со тоа нема последица од ограничување на еднакво признавање или уживање на човековите права. КЗД наведува дека е оправдано минималниот број на капења да биде поголем за жените поради нивната биолошка природа, односно фактот дека во притворските одделенија може да има и бремени жени, како и фактот што жените за време на нивниот месечен менструален циклус имаат зголемена потреба за капење. Во делот кој се однесува на тоа како оваа одредба се спроведува, односно дали притворените лица го користат ова право повеќе од утврдениот минимум, КЗД упатува да се поднесе претставка до Народниот правобранител, поради тоа што нема надлежност.

МЗД смета дека преку овој Правилник, Министерството за правда поставило услови кои продуцираат нееднаква распределба на добра (топла вода и средства за лична хигиена) меѓу мажите и жените. Производот на ваквата состојба е нерамноправност на мажите наспроти жените притвореници која се огледа во неможноста мажите да го уживаат правото на одржување на личната хигиена во мера и на начин како што тоа е овозможено за жените притвореници. КЗД особено треба да го земе предвид фактот дека се работи за лична хигиена, од чие одржување зависи и здравјето на притворениците. Доколку за КЗД е пресудно што со спорниот член е утврден минималниот број на капења, тогаш требало да утврди дискриминација и да даде препорака да се изедначи бројот на капења за мажите и жените, а потоа да се користи правото зависно од потребите и различната билошка природа на мажите и жените, како што е наведно во мислењето.

***10. Случај Сегрегација на деца Роми***

МХК за овој случај поднесе претставка до КЗД во април 2011 година, а одговор доби во декември 2014 година, односно по изминување на 3 години и 5 месеци. Времето за одлучување за овој случај е рекорд во непостапувањето на КЗД по поднесените претставки од страна на членките на МЗД.

Претставката беше поднесена против 5 основни училишта во Битола поради пријавена сегрегација кон деца со ромска етничка припадност при обидот да се запишат во основно училиште. Пријавителите на овие случаи наведоа дека на децата од ромската етничка заедница не им е дозволен пристап до основните училишта кои се во нивниот реон на живеење и се преупатувани

во ОУ "Ѓорѓи Сугарев", каде мнозинството ученици се Роми, со образложение дека нема место за нив во училишатата во кои првенствено аплицирале.

КЗД и во овој случај не утврди дискриминација, повикувајќи се на одговорите и средбите со претставници на основните училишта дека не се прави дискриминација кон децата Роми, како и на извештајот од Управата за развој и унапредување на образованието на јзаиците на припадниците на заедниците, каде, според КЗД, било наведено дека трендот е обратен, односно дека родителите Роми ги запишуваат своите деца во училиштето ОУ "Ѓорѓи Сугарев". Врз основа на ова КЗД утврдува дека постои таканаречена „природна сегрегација„ иако наведува дека не се согласува со овој термин, односно дека постои тенденција на запишување на ромските деца во ова училиште од самите родители, иако тоа не е во нивниот реон, што е во согласност со Законот за основно образование.

КЗД воопшто не го образложува поднесениот извештај кон претставката од Директорот на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, каде е констатиран овој проблем, ниту пак ја земаат предвид изјавата на директорката од ОУ „Ѓорги Сугарев„ дадена при вршење на вонреден инспекциски надзор, дека родителите од македонска националност ги запишуваат своите деца во најголем дел во ОУ „Тодор Ангелевски„ од причини што не сакаат нивните деца да учат заедно со ромските деца. Споменатото училиште ги запишува овие ученици, што не припаѓаат на неговиот реон. Воедно, сакаме да напоменеме дека за временскиот период од 3 години и 5 месеци, колку што беше потребно КЗД да донесе мислење за овој случај, очекувавме образложено мислење зошто не е утврдено постоењето на сегрегација. Наспроти нашите очекувања добивме мислење кое содржи таксативно набројување на дописите кои КЗД ги добило од надлежните институции, без притоа да биде направена анализа за содржината на ваквите документи, врз основа на што ќе биде дадено и соодветно образложение зошто не е утврдено постоење на сегрегацијата на децата Роми.

### 5.3 ЗАПИРАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ ПОСТАПКА

Во еден случај КЗД не утврди дали има или нема дискриминација, односно ја прекинува постапката. Се работи за претставка против ,,Приватна здравствена установа на Др - Снежана Ангелковска,, за утврдување на директна дискриминација, вознемирување и понижувачко постапување врз основа на припадност на маргинализирана група, од причини што докторката му го оневозможила и отежнала правото и пристапот за лекување од опијатна зависност на лице К.А од Скопје со тоа што одбила да биде избрана за матичен лекар откако го дознала статусот на лице зависно од дрога.

КЗД одлучи да ја прекине постапката бидејќи не постоел начин КЗД да пристапи до други докази за да биде во можност да ја продолжи постапката од една страна и од друга страна поради тоа што случајот не е пријавен во ФЗОМ како надлежен орган за избор на матичен лекар.

Од разгледувањето на предметот може да се забележи дека КЗД воопшто не утврдува дали постои дискриминација или не, туку жртвата на дискриминација ја упатува до ФЗОМ како надлежна институција за избор на матичен лекар и покрај тоа што основот на дискриминација во

поднесената претставка не е отежнат пристап до матичен лекар, туку утврдување на директна дискрминација, вознемирување и понижувачко постапување од страна на докторката која има дискриминирачки став кон лицата кои употребуваат дрога, како припадници кон маргинализирана група, за што е надлежна КЗД. Во ЗСЗД или пак Деловникот на КЗД нема ниту еден член според кој Комисијата може да ја прекине постапката во овој случај, а уште помалку да ја упатува жртвата да се обрати до ФЗОМ, бидејќи основ на претставката е утврдување на директна дискриминација, вознемирување и понижувачко постапување за што надлежна е КЗД, а не ФЗОМ.

Што се однесува пак до пристапот до други докази на што КЗД во мислењето се повикува како на една од причините за прекин на постапката и се изјаснува дека не постои друг начин до кој би можела да добие други докази за да ја продолжи постапката е исто така спротивно на законот и не претставува законски основ за прекинување на постапка, поточно согласно законот за спречување и заштита од дискриминација Комисијата е таа која треба да ја утврди фактичката состојба, преку земање на изјави на подносителот на претставката лицето против кого е поднесена како и од други лица и треба да соработува со органи кои се должни на нејзино барање да и дадат податоци и од сите докази да утврди дали има или нема дискриминација, а не да ја прекинува постапката.

Од сето ова може да се заклучи дека КЗД и покрај тоа што има законски основ да постапува по поднесената претставка таа сама избегнува постапување што е спротивно на законот, а со тоа воведува пракса на неефикасна заштита на жртвите на дискриминација, односно лицата кои употребуваат дрога и воедно со ваквото постапување ги охрабрува сите останати и понатака да продолжат со дискриминаторската пракса кон лицата кои употребуваат дрога.

Воедно од мислењето на Комисијата може да се забележи дека и покрај тоа што истото го достави во декември 2014 година, од официјалниот печат се гледа дека е донесено на 17.09.2013 година, што значи дека било донесено веќе година и три месеци без да се достави до подносителите и напоменуваме дека мислењето не е доставено по пошта до поднесителите на претставката туку истото е дадено од страна на Народниот правобранител на претставници од МЗД.

КЗД ја прекина постапката во уште еден случај каде како подносител се јавува членка на МЗД. Имено, здружението на граѓани РОМА С.О.С од Прилеп на ден 21.11.2013 година поднесе претставка против Горан Стаменков, претседател на Студентскиот парламент на Универзитетот Гоце Делчев - Штип, поради тоа што преку социјалните мрежи и електронските медиуми ја нарече штипската пастрмајлиада "Gipsy party", со што изнесе расистички ставови кон Ромите. Во известувањето, кое беше доставено до РОМА С.О.С. преку Народниот правобранител, е наведено дека КЗД покренало постапка за утврдување на дискриминација, но на посочениот фб профил на лицето Горан Стаменков повеќе немало таков статус. Од овие причини, како и поради фактот што не можело да се потврди валидноста на фејсбук профилот и содржината на постот од копијата која била поднесена како доказ во прилог на претставката, КЗД ја прекинала постапката.

МЗД смета дека во конкретниот случај не постојат основи за прекинување на постапката, особено поради фактот што беа доставени доволно докази за да биде утврдено дека лицето Горан

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Стаменков со својот пост извршил вознемирување кон Ромите. Имено, КЗД воопшто не ги земало предвид доказите доставени во прилог на претставката дека ваквиот статус е пренесен од страна на повеќе интернет портали, како и дека на ваквата изјава јавно реагирале повеќе ромски здруженија и граѓани, но и Обединетата партија за еманципација на Ромите во Македонија, кои барале јавно извинување од Горан Стаменков, како претседател на Студентскиот парламент на Универзитетот Гоце Делчев - Штип. КЗД не го земал предвид фактот дека овој случај беше медиумски експониран и поголем број припадници на ромската етничка заедница бараа јавно извинување од посоченото лице, што треба да биде од особена важност при одлучувањето дали определена постапка ќе биде прекината. Дополнително, фактот дека посочениот фб статус веќе не постои не може да биде основ за прекинување на постапката, поради тоа што е должност на КЗД да утврдува дискриминација и кога веќе е отстранета, со цел да делува превентивно и да укаже дека дискриминирачки изјави, вклучително и објави на фејсбук профили претставуваат вознемирување кон определена група.

Во известувањето кое го добивме по ургенција на Народниот правобранител, е наведено дека истото било доставено до Националниот ромски центар, како подносители на претставката. Со оглед дека подносител беше здружението на граѓани РОМА С.О.С произлегува дека КЗД не води евиденција кој всушност е подносител на конкретните претставки и врз основа на ова праќа известување до погрешни здруженија на граѓани.

КЗД нема ниту законска можност да ги прекинува постапките по поднесените претставки, ниту пак постои ваква можност согласно Деловникот. Имено, прекинувањето на постапката, според Деловникот може да настапи во два случаи: ако во текот на постапката се утврди дека за истата работа одлучувал и судот и е донесена правосилна судска одлука или ако тужбеното барање од страна на судот е одбиено како неосновано. Според ова КЗД немала основа да ја прекине постапката во двата посочени сучаи. Освен непостењето на законска основа за прекин на постапката, сметаме дека ваквите одлуки влијаат КЗД да не ја постигне и превентивната улога, која треба да ја има согласно ЗСЗД, како и фактот што нема да биде задоволена индивидуалната правда на подносителите на претставките.

## 5.4 НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно поднесените 7 претставки до КЗД во 2014 година, одговор беше добиен на 4 претставки. КЗД се уште нема постапено по 2 претставки поднесени во 2013 година, така што ако се гледа севкупниот период на непостапување, пречекорувањето се движи од 2 години до 4 месеци. Ова значи дека КЗД продолжува со тенденција на неодлучување, поради што, останува констатацијата дека ова тело не може да се смета како ефикасен механизам за заштита од дискриминација.

Најстар е ***случајот на дискриминација на професор на Факултетот за безбедност во Скопје***, за кој КЗД не носи мислење повеќе од 2 години и 3 месеци. Во овој случај Државниот просветен инспекторат преку записник утврдува дека Проф. д-р Фросина Ташевска Ременски, како член на Советот за безбедност на политичката партија СДСМ не може истовремено да ја врши функцијата

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

продекан,при тоа, не утврдувајќи дека Советот не е орган на политичката партија. Во **случајот дискриминација врз слепите лица од страна на банките,** во кој нееднаквиот третман се однесува на користењето на банкарски услоги и електронско банкарство од страна на слепите лица, КЗД не носи мислење повеќе од 1 година и 6 месеци. За овој случај е каарктеристично што од страна на Комерцијална банка беше остранета дискриминаторската пракса, која ги промени своите внатрешни прописи и овозможи приемот и испраќањето на финансиските средства и користењето на останатите услуги, слепите и лицата со оштетен вид, да го вршат самостојно, директно и со помош од страна на банкарските службеници, без притоа да биде неопходно присуство на полномошник. За оваа цел, банката обучи 6 вработени кои веќе постапуваат во делот на електронското банкарство, отварање на тековни сметки и отворање на сеф. Земајќи предвид дека една банка веќе го промени својот начин на работење со цел на слепите и лицата со оштетен вид да им овозможи еднаков третман и пристап до услугите, што беше соопштено во јавноста преку една прес-конференција и едно соопштение, нејасно е зошто на КЗД и е потребно повеќе од година и половина за да донесе мислење со кое ќе ја утврди дискриминацијата и ќе даде препораки за промена на дискриминаторската практика од страна на банките.

За претставките поднесени во 2014 година одговор не е добиен во 3 случаи:

***1. Случај ЈЗУ Општа болница во Охрид*** - Претставката беше поднесена против посочената болница поради тоа што медицинскиот и техничкиот персонал во ЈЗУ Општа Болница Охрид во период 04-08.08.2014 на повеќе наврати и со различни дејствија го повределе правото на еднаквост на пациентот подносител,односно извршиле директна дискриминација прекршувајќи го правото на информирање, правото на учество во одлучување за извршување на одредена медицинска интервенција и правото на доверливост на личните податоци. За овој случај МЗД поднесе претставка и до Народниот правобранител, кој утврди нееднаков третман и даде препораки како болницата да постапува во иднина.

***2. Случај Канал 5*** - Претставката беше поднесена поради објавување на прилог на ден 08.08.2014 во дневникот на Канал 5 телевизија, со наслов „Нови случаи на СИДА во источна Македонија" кој има дискриминирачка, стигматизирачка и вознемирувачка содржина кон ЛГБТИ лицата и лицата кои живеат со ХИВ. Прилогот беше подготвен од Дејан Ефремов и одобрен од Лидија Богатинова, главна и одговорна уредничка, а Велик Грков учествувал како извор на информации во прилогот, поради што претставката беше поднесена против овие лица.

***3. Случај Базен*** - Претставката беше поднесена против базентот Плаја Виста во с.Сиричино, поради тоа што на ден 10.07.2014 година, на пријавителката - трансродово лице не и бил дозволен пристап до базенот поради нејзиниот родов идентитет. КЗД се уште нема донесено мислење за оваа претставка, иако во прилог беше доставено и ЦД со снимен материјал од настанот.

## 5.5 ПОСТОИ ЛИ НЕЗАВИСНОСТ ВО (НЕ)ПОСТАПУВАЊЕТО НА КЗД?

Според анализите од добиените мислења и следењето на работата на КЗД сметаме дека не постои независност во постапувањето на КЗД. Ова особено се воочива кога одредена претставка е против државни институции или функционери или пак самата Влада на Република Македонија. Освен во 2 претставки кои беа против МОН, а поради очигледна дискриминација во учебници за основно и средно образование, КЗД нема донесено ниту едно позитивно мислење против останатите државни институции или функционери против кого биле поднесени претставки. Структурата на комисионерите и двојната функција на некои од нив, особено на претседателот, доведоа КЗД да не може да се спротивстави на државните стеги и да не одлучува во корист на граѓани во Република Македонија, особено кога се работи за маргинализирани заедници. Ова особено го потврдува негативното мислење за изјавата на Спиро Ристовски, во тој момент Министер за труд и социјална политика, кој изјави дека единствена и природна здрава средина се хетеросексуалните семејства со двајца родители, мајка и татко. Со ваквата изјава тогашниот Министер за труд и социјална политика директно ги дискриминираше лицата со хомосексуална ориентација, како и децата кои не се родени или не живеат во семејства од двајца родители, односно мајка и татко, но КЗД не успеа да ја увиди дискриминацијата. Ваквото постапување само ги потврди тврдењата на членките на КЗД дека двојната функција на некои од членовите, особено на вработените во Министерството за труд и социјална политика ќе биде пречка во остварувањето на независноста на КЗД и ефективно штитење на граѓаните од дискриминација и заштита на нивните права. Ваквата констатација го потврдува и мислењето за скандалозната кампања на Владата на РМ против абортусот. Всушност, за овој случај, тогашниот Совет за радиодифузија, сегашна Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се покажа како тело кое повеќе препознава дискриминација од КЗД.

За претставките за дискриминација во учебниците по основ на сексуална ориентација, КЗД не успеа да создаде пракса и континуираност во одлучувањето, па во учебниците каде самите автори ја признаа дискриминацијата истата беше утврдена, додека онаму каде ја негираа и наведуваа дека се работи за научна мисла и творештво, не беше утврдена дискриминација.

Невоедначено постапување се забележува и во претставките против одредени медиуми, поради тоа што за кампањи против маргинализирани заедници (ЛГБТИ и лица кои живеат со ХИВ), КЗД во одредени случаи утврдува дискриминација и говор на омраза, додека во други наведува дека ваквите изразувања не ја надминуваат слободата на изразување. Дополнително, КЗД во ниту еден случај не ја користи можноста за поведување на прекршочна постапка против дискриминаторите, особено кога се работи за медиумите, кои најчесто се провладини медиуми. КЗД не ја искористи ниту можноста да реагира во јавноста против хомофобични кампањи и да се спротивстави на тенденцијата на провладините медиуми да ја деградираат и омаловажуваат ЛГБТИ заедницата, која во одредени случаи преминува и во говор на омраза, кој предизвика и насилство. Впрочем, КЗД не одговори на повикот на МЗД да реагира по службена должност и јавно да осуди објавен текст во Дневник со кој се стигматизираат лицата кои живеат со ХИВ и лицата со хомосексуална ориентација.

## 5.6 ВОДЕЊЕ ПОСТАПКА ПРЕД КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Досегашната пракса на МЗД покажа дека непостоењето детална и прецизна постапка по која треба да се води постапката пред Комисијата за заштита од дискриминација води кон правна несигурност и кон непостоење на гаранција за ефикасна заштита од дискриминација.

Само 5 члена од Законот за спречување и заштита од дискриминација и само 11 члена од Деловникот на Комисијата (од кои повеќето членови се повторување на законските одредби) ја регулираат постапката во рамките на која КЗД решава за постоење дискриминација. За нашиот правен систем е невообичаено постапката за утврдување повреда на човековите права пред независен орган да биде нерегулирана како што е тоа во случајот со КЗД. Доколку како пример ги земеме независните органи како што се Дирекцијата за заштита на личните податоци или Народниот правобранител, ќе видиме дека се работи за органи чии постапки за одлучување се децидно објаснети во нивните матични закони. Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, пак, во согласност со својот матичен закон, постапува по Законот за општата управна постапка.

Многу прашања поврзани за постапката во која се утврдува дискриминација остануваат нејасни, но бидејќи овој извештај е заснован на предметите кои ги водеше КЗД, ќе ги наброиме само следниве недоречености:

(1) Прописите по кои постапува КЗД не ги утврдуваат условите во кои постапката може да биде запрена;
(2) Не е утврдена задолжителната структура и форма на мислењата кои ги донесува КЗД, па странките се соочуваат со низа невоедначености (некои Мислења на КЗД наведуваат на која седница е донесена одлуката – мислењето, други не; некои Мислења содржат препораки, други не содржат, обемноста на диспозитивот и образложението варира во речиси секое мислење итн); и,
(3) Прописите не го регулираат прашањето на доуредување на поднесокот – претставката (Постапката не предвидува кои механизми и стојат на располагање на Комисијата во случај кога, на пример, не е наведена дискриминаторната основа, областа, обликот на дискриминација и др).
(4) Не може да се утврди ставот на КЗД во однос на префрлувањето на товарот на докажувањето на страна на наводниот дискриминатор поради тоа што во одредени пердмети се применува, а во други не се применува, иако ЗСЗД експлицитно не го обврзува КЗД да го префрли товарот на докажување

Она што особено загрижува е неможноста на жртвите на дискриминација и нивните полномошници при подготвувањето на претставките да ја следат праксата на КЗД. За секоја правна област од особено значење е да се знае кое е стојалиштето на определена надлежна институција по определено прашање. Ова е особено значајно ако се има предвид дека прашањето на заштита од дискриминација доби сосема нова димензија со донесувањето на ЗСЗД во 2010, па ставовите на КЗД треба да имаат и едукативен и промотивен карактер.

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**6. НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

Земајќи ја предвид нефункционалноста и неефикасноста на КЗД за постапување особено во случаи на потешка форма на дискриминација, МЗД одлучи за одредени случаи да поднесува претставки и до Народниот правобранител. Беа поднесени вкупно 3 претставки од кои 2 се однесуваа на дискриминацијата врз Ромите на граничните премини на Република Македонија и една се однесуваше на дискриминација кон лице кое живее со ХИВ од страна на ЈЗУ Општа болница - Охрид. Оваа претставка беше доставена и до КЗД, но се уште немаме добиено одговор за тоа дали е утврдена дискриминација од страна на болницата, додека Народниот правобранител утврди повреда на правото на еднаков третман и повреда на правата од здравствената заштита. Од добиените одговори од страна на Народниот правобранител ефикасноста во постапувањето ја согледавме во случајот на лицето кое живее со ХИВ, додека за случаите на Ромите на граничните премини Народниот правобранител упати на поведување на судска постапка, со цел заштита на правата на припадниците на ромската етничка заедница и утврдување на дискриминација. Од ваквиот одговор МЗД утврди дека Владата на Република Македонија, односно Министерството за внатрешни работи воопшто не ги зема предвид препораките ниту од Народниот правобранител кои одат во насока на менување на дискриминаторската практика кон Ромите на граничните премини, поради што граѓаните се упатуваат на судска заштита. За МЗД е повеќе од очигледно дека не се почитуваат препораките на Народниот правобранител за надминување на системската дискриминација која постои кон оваа етничка заедница, што нè наведува на заклучок дека државата сурово ги прегазува човековите права на граѓаните, притоа кршејќи ги уставните одредби и меѓународните принципи.

***1. Случај Семејство Сулејмановски***

Здружението РОМА С.О.С, како членка на МЗД, до Народниот правобранител поднесе претставка во име на семејството Сулејмановски кои, како припадници на ромската етничка заедница, биле дискриминирани од страна на полициските службеници, на начин што им било ограничено правото на слободно движење односно напуштање на државата. Имено, на ден 26.06.2014 година на семејството Сулејмановски не му било дозволено да отпатува во посета на свои роднини во Србија, поради тоа што, според образложението на МВР, не поседувале покана, хотелска резервација, гарантно писмо, повратна карта за превоз, како и доволно парични средства за да се издржуваат за време на престојот.

***2. Случај Фришоп***

Здружението РОМА С.О.С, како членка на МЗД, до Народниот правобранител поднесе претставка во име на лицето К.Ќ. кој, како припадник на ромската етничка заедница, бил дискриминирани од страна на полициските службеници, на начин што му било ограничено правото на слободно напуштање на државата. Имено, на ден 13.03.2014 год. на граничниот премин Меџитлија, К.Ќ. заедно со уште три лица, негови роднини, патувајќи со сопствено возило во периодот околу 10:00 – 10:30 часот наутро се обиделе да го поминат граничниот премин кон Република Грција со цел да го посетат фришопот кој се наоѓа после граничниот премин. Причина за тоа била потребата од

пазарење за подготовка за свадба на едно од лицата. Кога пристигнале на граничниот премин на македонска граница, ги предале патните исправи на полицискиот службеник. По извесно време кога биле прегледани патните исправи, од страна на полицискиот службеник на разговор во посебни простории бил повикан неговиот сват кој бил задржан околу 20 минути, а потоа истото се случило и со К.Ќ. При испитувањето му биле поставувани прашања за неговиот личен и семеен живот, од каде се познава со лицата со кои патува, причината зошто пазаруваат во фришоп, зошто девојката се мажи во странство, па како се запознале со нејзиниот иден сопруг. Овие испитувања на лицето траеле подолго од 20 минути без при тоа да му биде дадено објаснување која е потребата и причината од такви дополнителни испитувања. По ова им биле вратени патните исправи, а во патната исправа на К.Ќ. бил ставен печат пречкртан со две линии.

За двата случаи Народниот правобранител достави идентично известување, со укажување кон Министерството за внатрешни работи на обврската за задолжителната примена на домашната и меѓународната регулатива за забрана на дискриминација, особено на одредбите од Европската конвеција за заштита на човековите права и Протоколот бр.12 на истата Конвенција, потоа, Европската Директива 2000/43, и Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што побара да биде известен за постапката на граничната полиција во однос на проценка на ризик на граѓаните на Република Македонија при нивниот излез од државата. Народниот правобранител извести дека поради зачестеноста на претставките од граѓани Роми кои се соочуваат со овој проблем, до Владата на Република Македонија доставил Информација во која е истакната потребата да се надгради нормативата која го уредува ова прашање и доколку граѓанинот не ги исполнува условите за напуштање на државата да добие образложена одлука во писмена форма за причините поради кои не му се дозволува излез, а со тоа и можност за натамошна заштита на неговите права. Дополнително, Народниот правобранител посочува на можноста за поведување на судска постапка за утврдување на дискриминација, земајќи предвид дека веќе има позитивна судска пракса за овој вид и облик на дискриминација.

МЗД смета дека иако Народниот правобранител констатира директна дискриминација кон цела една заедница од страна на Министерството за внатрешни работи, со што се крши Уставот на Република Македонија, домашната и меѓународната легислатива, фактот што неговите препораки не се прифаќаат ниту од страна на Министерството за внатрешни, ниту од Владата на Република Македонија, укажува дека државата не е заинтересирана да ја промени дискриминаторската практика кон ромската етничка заедница, која може да се смета и за расно профилирање. Во делот кој се однесува на поведување на судски постапки за утврдување на дискриминација, сакаме да истакнеме дека граѓаните, особено оние кои се наоѓаат во социјален ризик, имаат пречка во пристапот до правда. Имено, дискриминацијата не е внесена како основ за стекнување со правото на бесплатна правна помош, согласно Законот за бесплатна правна помош, ниту пак е предвидено ослободување на судски трошоци за овие постапки во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

***3. Случај Охрид***

Случај ЈЗУ Општа болница во Охрид - Претставката беше поднесена против посочената болница поради тоа што медицинскиот и техничкиот персонал во ЈЗУ Општа Болница Охрид во период 04-

08.08.2014 на повеќе наврати и со различни дејствија го повредиле правото на еднаквост на пациентот подносител,односно извршиле директна дискриминација прекршувајќи го правото на информирање, правото на учество во одлучување за извршување на одредена медицинска интервенција и правото на доверливост на личните податоци. Народниот правобранител утврди нееднаков третман и даде препораки како болницата да постапува во иднина, особено доследно да го почитува Законот за заштита на правата на пациентите кои се однесуваат во делот на анонимноста. За овој случај МЗД поднесе претставка и до КЗД, но до завршувањето на овој извештај МЗД нема добиено мислење.

## 7. ТОВАР НА ДОКАЖУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

### КЗД

При поднесувањето на претставките МЗД се роководи согласно ЗСЗД (член 25), каде е определено дека претставките треба да содржат докази и факти од кои може да се утврди актот или дејствието на дискриминација. Па така, пракса на МЗД е да обезбедува: копии од поединечни или општи акти кои се оспоруваат; изјави од оштетените (за предметите во кои се бара индувидуална заштита); копии или извадоци од весници; посочување на меѓународната пракса и повикување на ратификуваните документи; различни статистики и извештаи итн. Но, преку своите претставки членките на МЗД укажуваат на потребата КЗД да прибави определени дополнителни докази и факти од страна на субјектот кој е наводен дискриминатор. Како пример за барање за прибирање дополнителни факти може да се издвои претставката на МХК со која на КЗД и посочува статистика од 2009 и 2010 која имплицира потенцијална сегрегација на децата Роми, но од КЗД се бара од наводните дискриминатори да побара статистика за целиот период до 2011, коге е поднесена претставката. Истото се повторува и во случајот Анчевски, кога подносителот на 2 пати достави докази за дополнување на претставката во форма на лекарски белешки со цел да потврди дека има закажано третман и доказ за интернет реклама објавена на веб сајтот на д-р Анчевски, со цел да докаже дека д-р Анчевски ги нуди услугите кои клиентот ги побарал. Иако беа доставени овие докази КЗД во конкретниот случај не утврди дискриминација, повикувајќи се на наводниот факт дека д-р Анчевски не ги нудел услугите кои ги барал клиентот, поради што во не можело да се утврди дека била извршена дискриминација.

Досегашниот увид во постапувањето на КЗД кој го засноваме исклучиво преку Мислењата кои МЗД ги има добиено, можеме да изразиме незадоволство од површниот пристап на КЗД при утврдувањето на фактичката состојба. Нашата перцепција заснована на добиените Мислења е дека КЗД ја утврдува фактичката состојба речиси единствено преку фактите и доказите што ги приложил поднесителот и од изјавите – одговорите по однос на претставката од страна на наводниот дискриминатор.

Од досегашното искуство на МЗД не сме во можност да посочиме пример кога КЗД побарала од наводниот дискриминатор да приложи дополнителни факти и докази (снимки, статистики, извештаи и сл). Па така, произлегува дека доказната постапка пред КЗД се сведува на зборот на поднесителот (жртвата) против зборот на наводниот дискриминатор. Во една од претставките

(случај Шехерезада) освен изјавата на подносителот, беше доставена и изјава од сведок на конкретниот чин на дискриминација, но сепак товарот на докажување не беше префрлен на страната на наводниот дискриминатор. Напротив, КЗД поклони верба на одговорот од наводниот дискриминатор дека не била вршена дискриминација врз подносителот, без притоа КЗД да бара да бидат доставени конкретни докази дека на критичниот ден на подносителот не му било ограничена услугата поради неговата сексуална ориентација.

**Судски постапки**

МЗД се вклучи како замешувач во една судска постапка за утврдување и заштита од дискриминација поведена пред Основниот суд Гостивар за дискриминација по основ на политичка припадност. Иако со самата тужба беа доставени голем број на докази дека дискриминацијата беше поведена, сепак товарот на докажување не беше префрлен на страната на тужените. Дополнително, МЗД ги следи судските постапки за утврдување на дискриминација преку размена на информации со останатите здруженија на граѓани кои овозможиле бесплатна правна помош за поведување на вакви постапки и ниту во еден предмет не е утврдено дека товарот на докажување бил префрлен на старната на тужениот/тужените. Врз основа на ова, можеме да упатиме генерална забелешка дека судовите се уште не го применуваат овој институт, иако е особено важен за дискримианцијата да може да биде докажана.

## 8. ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ ЛГБТИ

ЛГБТИ Центарот за поддршка, од денот на неговото отварање, октомври 2012, до денес, а поради дејноста која ја врши - поддршка и заштита на лицата со различна сексуална ориентација и поддршка и заштита на трансродовите и транссексуалните лица, имаше 6 напади од досега непознати лица. Од овие напади само еден, кој во својата позадина имаше и етничка конотација, доби судска завршница, додека за останатите 5 напади надлежните институции останаа пасивни, без никаква иницијатива за нивно разрешување. Поради горенаведеното, членките на МЗД поднесоа 4 (четири) кривични пријави до Основното јавно обвинителство - Скопје за нападите врз ЛГБТИ Центарот во периодот од 2012 и 2013 година

Кривичните пријави се поднесени на ден 18.07.2013 година против непознати лица поради постоење на основано сомнение дека покрај останатите , ги сториле и кривичните дела “Насилство”, “Расна и друга дискриминација”, “Повреда на рамноправноста на граѓаните” како и “Предизвикување општа опасност”.Во кривичните пријави беше наведено дека делата се сторени поради омраза кон ЛГБТИ заедницата, поради што овие дела можат да бидат квалификувани како злосторства од омраза. Поради ова МЗД бараше да се прифатат кривичните пријави како основани од страна на јавното обвинителство, да биде спроведена истрага и против сторителите да биде подигнат обвинителен акт и истите да бидат гонети за стек од наведените кривични дела.

Поради тоа што од страна на ОЈО Скопје не добивме никаков одговор, МЗД на ден 26.11.2014 година достави барање за известување за преземените дејствија по поднесените кривични пријави. Сепак, и по изминување на една година и 9 месеци по поднесувањето на кривичните пријави, а по изминување на 5 месеци од поднесеното барање за известување немаме добиено никаква информација за тоа дали се води истрага за конкретните напади. Фактот што кривично беа гонети единствено сторителите за нападот од 02.03.2013 година, кој беше дел од повеќе напади во Скопската турска чаршија поради протести од етнички карактер, докажува дека се уште постои селективна правда кога се работи за маргинилизираните групи на граѓани, како и дека државата не е подготвена да ги заштити сите граѓани без разлика на нивните лични карактеристики или припадноста кон одредена заедница или група.

Последниот напад на ЛГБТИ Центарот беше на неговата прослава за 2 годишното постоење, одржана во кафе барот Дамар. За овој напад сме известени дека истрагата е во тек, поради што се уште не е поднесена кривична пријава. Сепак, останува нејасно зошто и во овој случај, кога беа нападнати повеќе од 30 лица, а повредени 2 лица, Основното јавно обвинителство не покажува интерес за спроведување на ефикасна истрага и брзо пронаоѓање на сторителите.

## 9. СУДСКИ ПОСТАПКИ

### *Случај Разрешени директори Гостивар*

МЗД овозможи бесплатна правна помош во случајот на дискриминација поради политичка припадност во Гостивар. Во овој случај се работи за разрешување на 8 директори на основни и средни училишта во општина Гостивар од страна на новиот градоначалник, без притоа да биде запазена постапката за разрешување, односно одлуката за разрешување да биде донесена од училишните одбори во конкретните училишта. Разрешните директори поднесоа претставки до Хелсиншкиот комитет, врз основа на што им беше обезбедена бесплатна правна помош од МЗД и беше поведена судска постапка за утврдување на дискриминација. Користејќи го правото за учество во постапката во својство на замешувачи, како организациии односно здруженија на граѓани кои во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита на правата на еднакво постапување (член 39 од ЗСЗД), МЗД поднесе и барање за замешување на страната на тужителите. Ваквото барање беше прифатено од страна на судот и членките на МЗД станаа замешувачи во постапката со право да истакнуваат предлози, да поставуваат прашања и да ги преземаат сите други парнични дејствија како и тужителите, вклучително и поднесување на редовни и вонредни правни лекови.

Во текот на постапката беа доставени голем број на докази врз основа на кои Основниот суд Гостивар можеше да утврди дека била сторена дискриминација, но сепак беше донесена негативна одлука. Жалба е поднесена од страна на тужителите и од страна на МЗД, но по истата Апелациониот суд Гостивар се уште нема донесено одлука.

И покрај доказите врз основа на кои можеше да се докаже дека во конкретниот слчај е вршена дискриминација од страна на тужените, судот одлучи да не го префрли товарот на докажување на страната на тужените и ја водеше постапката како обична граѓанска постапка во која тужителите треба да ја докажуваат основаноста на тужбеното барање. Сметаме дека судските постапки во кои

се бара утврдување на дискриминација не може да бидат третирани на ист начин како и останатите граѓански постапки, поради сензитивноста на предметите, како и поради фактот што во најголемиот број случаи дискриминираните не располагаат со информациите и податоците кои ги имаат на располагање единствено тужените. Ваквите докази, податоци или пак изјави од тужените, се од особено значење за докажувањето на дискриминацијата во конкретниот случај и можат да бидат обезбедени единствено во случај кога тужениот докажува дека не била извршена дискриминација. Поради специфичноста на случаите на дискриминација и нејзиното докажување, во член 38 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е утврдено дека ако странката во судска постапка тврди дека согласно одредбите на овој закон и е повредено нејзиното право на еднакво постапување е должна да ги изнесе сите факти и докази кои го оправдуваат нејзиното тврдење. Докажувањето дека немало дискриминација паѓа на товар на спротивната странка.

***Судски случај ЈП Комуналец Гостивар***

Судска постапка за дискриминација врз основа на политичко убедување беше поведена и против раководителите на одделни сектори во ЈП Комуналец- Гостивар, за сторена дискриминација од страна на в.д. директорот. Постапката е правосилно завршена, а одлуката е негативна. За овој случај е поднесено барање за заштита на слободите и правата до Уставниот суд, кој одлучи да одржи јавна расправа.

И во овој случај Основниот суд Гостивар во својата одлука констатирал дека тужителите пред да поднесат тужба требало да поднесат претставка до КЗД. Ова претставува евидентен пример за погрешен став и пракса, поради што посочуваме дека КЗД е независно тело кое донесува мислења и препораки по поднесени претставки и нејзината функција не е на било каков начин поврзана со судската заштита од дискриминација.

МЗД укажува дека мислењето на КЗД во кое се утврдува дека имало дискриминација може само да биде искористено како материјален доказ во судската постапка, но не треба да биде обрзувачко за надлежниот суд во носењето на одлуката. Исто така, во случај кога е поднесена претставка до КЗД, а Комисијата нема донесено одлука, жртвата има право да поведе судска постапка и за тоа да ја извести КЗД, со што постапката пред оваа институција ќе биде сопрена.

## 10. ПРЕПОРАКИ

**ВО ДЕЛОТ НА ПРЕПОРАКИТЕ МЗД УТВРДИ ДЕКА НЕМА ПРОМЕНА ОД ОНИЕ КОИ БЕА УПАТЕНИ ДО ИНСТИТУЦИИТЕ И ВО ПРЕТХОДНИОТ ИЗВЕШТАЈ, ПОРАДИ ШТО МОЖЕМЕ ДА КОНСТАТИРАМЕ ДЕКА НЕМА НИКАКОВ НАПРЕДОК ВО РАБОТАТА НА КЗД И ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО КОГА СЕ РАБОТИ ЗА ЗАШТИТАТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА. ЕФИКАСНОСТА ВО ПОСТАПУВАЊЕТО ОСТАНУВА НАЈГОЛЕМ ПРОБЛЕМ НА ОВИЕ ИНСТИТУЦИИ, ПОРАДИ КОЈ ЖРТВИТЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ГОВОР НА ОМРАЗА НЕ ДОБИВААТ НАВРЕМЕНА ЗАШТИТА. ВАКВАТА КОНСТАТАЦИЈА СЕ ОДНЕСУВА И НА ЖРТВИТЕ НА ДЕЛА ОД ОМРАЗА, ОСОБЕНО ЛГБТИ ЛУЃЕТО КОИ СЕ УШТЕ ЧЕКААТ ДА БИДАТ ПРОНАЈДЕНИ СТОРИТЕЛИТЕ НА НАПАДИТЕ НА ЛГБТИ ЦЕНТАРОТ. МЗД КОНСТАТИРА ОПРЕДЕЛЕН НАПРЕДОК ВО РАБОТАТА НА ОДРЕДЕНИ СУДОВИ ПОРАДИ ДОНЕСУВАЊЕТО НА НЕКОЛКУ ПРЕСУДИ СО КОИ Е УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОСОБЕНО КОН РОМИТЕ, ОД КОИ ЕДНА Е ПРАВОСИЛНА. ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ СЛЕДАТ ПРЕПОРАКИТЕ КОИ ПОВТОРНО ГИ УПАТУВАМЕ ДО ИНСТИТУЦИИТЕ, СО ЦЕЛ ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, ГОВОР НА ОМРАЗА И ДЕЛА ОД ОМРАЗА.**

1. КЗД ВО ГОЛЕМА МЕРА ДА ЈА ПОДОБРИ СВОЈАТА ЕФИКАСНОСТ, А ПРАТЕНИЦИТЕ ТРЕБА ПРЕКУ КОНТРОЛНИТЕ МЕХАНИЗМИ КОИ ИМ СТОЈАТ НА РАСПОЛАГАЊЕ ДА УТВРДАТ КАДЕ ЛЕЖИ ОДГОВОРНОСТА ЗА НЕПОСТОЕЊЕТО ЕФИКАСЕН И НАВРЕМЕН НАЧИН ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА.
2. КЗД МОРА ДА ОСИГУРА ДОСЛЕДНА И КОНТИНУИРАНА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОСНОВА НА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И НЕ СМЕЕ ДА ДОЗВОЛИ СТИГМАТИЗИРАЊЕТО НА ЛИЦАТА СО НЕХЕТЕРОСЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА ДА БИДЕ ОПРАВДАНО КАКО НАВОДЕН НАУЧЕН СТАВ.
3. КЗД ТРЕБА ДА ИНСИСТИРА НА ПРЕЦИЗНО УТВРДУВАЊЕ НА ДОКАЗИТЕ И ФАКТИТЕ ВО МИСЛЕЊАТА КОИ ГИ НОСИ И ДА ОБРАЗЛОЖИ ЗОШТО ДРЖАВАТА ИЛИ ПРИВАТНИОТ СУБЈЕКТ НЕ ДИСКРИМИНИРАЛЕ.
4. ПРОПИСИТЕ КОИ ГО РЕГУЛИРААТ РАБОТЕЊЕТО НА КЗД ТРЕБА ДА ПРЕТРПАТ ИЗМЕНИ СО ЦЕЛ ДА СЕ ДОПРЕЦИЗИРА ПОСТАПКАТА ВО РАМКИТЕ НА КОЈА СЕ УТВРДУВА ПОСТОЕЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА. ИЗМЕНИТЕ НА ДЕЛОВНИКОТ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА КЗД, ПА ДУРИ НИ НЕДОСТИГОТ НА ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА НЕ СМЕЕ ДА ПРЕТСТАВУВА ПРИЧИНА ЗА ПОСТОЕЊЕ НЕПРЕЦИЗНА ПОСТАПКА КОЈА НЕ МОЖЕ ДА ПРЕТСТАВУВА ГАРАНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА.
5. КЗД НЕ СМЕЕ ДА ДОЗВОЛИ МЕДИУМИ КОИ КОНТИНУИРАНО ЕМИТУВААТ ХОМОФОБИЧНИ СОДРЖИНИ ДА ОСТАНУВААТ НЕКАЗНЕТИ (ПРЕКРШОЧНО) ЗА КАМПАЊИТЕ КОИ СЕ НАСОЧЕНИ КОН СТИГМАТИЗИРАЊЕ НА ЛИЦАТА КОИ ЖИВЕАТ СО ХИВ И ЛИЦАТА СО ХОМОСЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА.
6. КЗД ТРЕБА ДА ГО ПРИМЕНУВА ПРАВИЛОТО ЗА ПРЕМИНОТ НА ТОВАРОТ НА ДОКАЖУВАЊЕ НА СТРАНА НА СУБЈЕКТОТ ЗА КОГА СЕ ТВРДИ ДЕКА СТОРИЛ ДИСКРИМИНАЦИЈА, ШТО ВО ПОСТОЈНИОТ ЗСЗД КАКО ПРИНЦИП Е ПРЕДВИДЕН ДА СЕ ПРИМЕНУВА ВО СУДСКАТА ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА. НЕПОСТОЕЊЕТО НА МОЖНОСТ ЖРТВИТЕ ДА ГИ ДОСТАВАТ СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ ФАКТИ И ДОКАЗИ КОИ, ПАК, СЕ НАОЃААТ ВО РАЦЕТЕ НА ДИСКРИМИНАТОРОТ, НЕ СМЕЕ ДА ПРЕТСТАВУВА НЕПРЕМОСТЛИВА ПРЕЧКА ВО УТВРДУВАЊЕТО НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА.
7. КЗД ДА ПОЧНЕ ЈАВНО ДА ЈА ОСУДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВО МЕДИУМИТЕ КОН МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ, СО ЦЕЛ ДА ЈА ОСТВАРИ ПРЕВЕНТИВНАТА УЛОГА КОЈА КЗД ТРЕБА ДА ЈА ИМА СОГЛАСНО ЗСЗД
8. ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ДА ПОЧНЕ ДА ГИ СМЕТА ЗА СЕРИОЗНИ КРИВИЧНИТЕ ПРИЈАВИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ГОВОР НА ОМРАЗА И ДА ИНИЦИРА И ВОДИ ЕФИКАСНИ ИСТРАГИ ЗА ОВИЕ КРИВИЧНИ ДЕЛА, ПОРАДИ ТОА ШТО ОВИЕ ДЕЛА ДОВЕДУВААТ ДО СТОРУВАЊЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА, ПРЕКУ КОИ СЕ ЗАГРОЗУВА СИГУРНОСТА НА ЦЕЛИ ЗАЕДНИЦИ ИЛИ ГРУПИ.
9. СУДИИТЕ ДЕТАЛНО ДА ГО ПРОУЧАТ ЗСЗД, ОСОБЕНО ВО ДЕЛОТ НА ПРЕФРЛУВАЊЕ НА ТОВАРОТ НА ДОКАЖУВАЊЕ НА СТРАНАТА НА ТУЖЕНИТЕ И ВО ДЕЛОТ НА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ПРЕД КЗД И ПРЕД СУД

10. Народниот правобранител да започне со поведување на постапки по сопствена иницијатива во случаи на дискриминација, особено кон маргинализираните заедници, а согласно член 13 став 3 од Законот за народниот правобранител.